БРАНКО ПРЉА
Берт Стајн / Исак Сима

АРНО.МК

2020

ИЗБРАНИ ТЕКСТОВИ



МУЗИКА / ФИЛМ / КНИГИ / ИДЕИ

Содржина

21 ТЕКСТ / ЕДНА ГОДИНА / МНОГУ ПЕРСПЕКТИВИ

Зошто пишуваме? 02

Стрипот како реалност 04

Екологија и психологија 08

Патувањето како забава, но и како поука! 12

Колку беше различен животот пред интернетот? 14

Хаверборд како непријател на детството 16

„Толку многу поети, а толку малку поезија“ 18

Што чудо беше Електролит? 20

Научната фантастика како имплант кој ја менува свеста! 24

Металските маици не треба да бидат хипстерски! 28

// Избрани текстови //

Музика наместо Лексилиум! Панк наместо Турбо фолк! 32

Нова пост-панк револуција... 34

Од Монти Пајтон до Дон Кихот 36

Сите сме лудаци! 38

Скарлетна кралица на SF филмовите! 42

Нашето Скопје – преку црно-белите очила на Ѓорѓе Јовановиќ – Џоле! 46

Куса историја на тетоважите во нашата средина 48

За Џорџ Карлин и скептицизмот 52


Заборави го Black Friday, сети се на „Дај, не фрлај!“ 54

Во маката се крие можноста 56

The Mandalorian – вистински бисер во Star Wars сагата 60

Зошто пишуваме?

БЕРТ СТАЈН



За писателот животот е пишување, а тоа што за другите луѓе се нивните деца – остварување на некој таен потенцијал од себеси кој се реализира во новото суштество – тоа за писателот е неговата приказна. Во приказната сè е возможно!

Но, токму тоа остварување на потенцијалите може да биде и најстрашната стапица во која може да се фати еден писател – како родителот кој посакува неговото дете да ги оствари неговите неостварени соништа, така и креаторот на приказни очекува од неговите ликови да бидат супер-херои или барем подобри од него, да се впуштат во авантура за која тој немал можност или храброст, да се соочи со родителот кога тој се плашел или да ја заведе убавицата со која разменил поглед, а потоа заминал со нејзиниот лик во мислите.

Писателот лесно се фаќа во овие стапици, затоа што пишувањето колку што е создавање на светови и ликови кои се надоградување на постоечките, истовремено е и соочување со сопствените стравови и демони, и како такво е одреден вид психо-терапија. Пишувањето несомнено го лекува умот и телото, но и воспоставува рамнотежа во истото. Дали постои урамнотежен писател? Се разбира дека не постои, сите тие, како и психијатрите, ја бираат професијата за да воведат рамнотежа во сопствениот живот. Колку помалку ја имаат, толку се подобри и поплодни писатели.

Ова е сепак видување на еден писател и не мора да е вистина, можеби тоа е само неговата лична приказна напишана од некој друг. Што ако и тој е лик во нечиј роман наречен „живот“ или само споредeн актер во нечија друга приказна? Ако е така, тогаш се надева дека нема да му помогне на писателот да стане подобар и поурамнотежен, зашто тоа би значело крај на неговата приказна.

Единствената добра приказна е таа која нема заклучок, ниту поука, туку едноставно постои и лебди во времето и просторот пред да се залепи на некој прозорец како случаен лист носен од ветрот.

Во оригиналната веб-објава се наведени и размислувања на познати писатели за пишувањето.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 05.02.2020


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3676

Стрипот како реалност

БЕРТ СТАЈН

Што претставуваше порано, а што претставува стрипот денес? Колку работите се сменети со новите технологии и времињата заради кои понекогаш помислуваме дека сме живееле во две различни реалности, една од која сме се разбудиле, а друга во која сè уште чекаме да се разбудиме. Сепак, да почнеме од почеток...





Беше есен 1989-та и воздухот стануваше студен и бурен. Стоев на прозорецот од дневната соба и гледав надвор. Ветрот дивееше и виткаше една млада бреза речиси до асфалтот закануваjќи се дека ќе ја прекрши. Ми се чинеше дека ветрот се бори со природата, но воедно и танцува со неа во некој праисконски ритам на нештата.

Зад мене се слушаше заднинската мантра на вечерните вести, во природниот ритам на домот кога детската врева од улицата ќе замреше. Воздухот во собата беше зачаден, а дедо ми чуреше по кој знае која цигара по ред. Мустаќите и прстите од ден за ден му стануваа сè пожолти, но тој не планираше да сопре. Се симнав од прозорецот и запливав градно низ маглата до мојата соба.


„Каде одиш?“ се слушна зад мене. „Да учам,“ одговорив кратко за момент земајќи воздух.

Ја затворив вратата од мојата соба, го извадив учебникот по биологија, и во природниот ученички ритам на нештата, го ставив новиот број на Алан Форд врз учебникот. Тоа изгледаше утешително во еден свет кој не секогаш го разбирав. Алан Форд раскажуваше за еден поинаков свет од тој на хероите и победниците. Раскажуваше за луѓе кои се бореа на секој начин да успеат во животот и да излезат како победници, но тоа не им успеваше.

СКОПЈЕ / РАНИТЕ 1990-ТИ

Од плакарите во болниците sиркаа раце и нозе од пациенти од кои и лекарите се откажале, а аристократите имаа крпеници на колената и лактите од костумите. Токму тој откачен свет на црн хумор и социјална неправда мене ме интересираше, зашто тој беше поблизок до реалноста на моето опкружување.

Но, ерата на Алан Форд заврши со смртта на Југославија, како единствена држава каде што овој стрип успеал, освен во матичната земја Италија. Во нашата нова Македонија овој стрип никогаш не се проби и времињата се сменија, пораснавме, се осамостоивме, бевме во потрага по други стрипови и поинакви реалности.



Моите осамени возења низ Скопје во раните 1990-ти на мојот Беемикс излепен со лепенки ме водеа од Дебар Маало, покрај кејот, преку Камениот мост до „Култура“, во зградата на музичкото училиште. Поминував часови и часови во големата книжарница „Култура“, во нејзиниот голем темен хол, додека тетките зад касата и фикусите до полиците со книги поминуваа со поглед низ мене, низ книжарницата, низ универзумот, како немо и неминовно постоење.

Надвор верно и секогаш ме чекаше мојот велосипед и потоа со новата книга или стрип во ранецот се упатував пред МНТ кон закривените странични површини одлични за залетување и отфрлување и безбројните скали кои ја прекршуваат рамнината на бескрајно рамното Скопје, платото пред МНТ и потоа, ново откритие – Табернакул! Новата книжарница во самите простории на МНТ, а внатре – новиот свет на алтернативната книжевност, стрип и уметност, графички новели и мојата прва „Маргина“ (број 2).

Табернакул беше моето психоделично искуство, проширување на умот без дроги, киберпанк, книгите на Quorum, списанијата New Moment, стриповите со откачени и дотогаш невидени приказни за андроиди со душа и авантурите на еден зајак во темните лавиринти на Холокаустот. Да, освен за литературата, Маргина (а подоцна и Лифт) беа извонреден извор за алтернативниот стрип, од зајачето од холокаустот „Маус“ на Арт Спигелман, преку иранската бегалка Марџан Сатрапи со нејзините извонредни „Персеполис“ или „Пиле полнето со сливи“, преку уште едно, но овој пат македонско домашно глувче, „Лабрис“ на Станковски, до другите наши одлични автори како Горанд, Пешев, Шуки, Кирчо Арсовски и други ... стрипови кои ве тераат на размислување и преиспитување на сè она што ви се чини познато.

Табернакул веќе не постои, како ни многу други топоними на некогашното Скопје, но денес можете да најдете одлични алтернативни стрипови (и книги) од Темплум или во Академска книга , за љубители на Манга, Марвел и целиот тој мејнстрим фазон, па ајде!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 12.02.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3817

Екологија и психологија

БЕРТ СТАЈН




Дали бевме посреќни кога во снегот зимно време беше црн од загадувањето, а птиците „пешки одеа“ заради тешкиот смог и сето тоа беше дел од природниот тек на нештата. Не постоеја мерачи на ПМ честички, ниту топ листи на најзагадени градови на кои нашиот секогаш достигнува високи места.

Дали бевме посреќни кога како деца правевме бункери од снег, а зад нив десетици топки снег, подготвени за следниот напад. Тогаш живеев во центарот на Сараево, над музичката академија, на еден рид каде секоја зима снеговите достигнуваа над нашите глави. Освен бункери правевме и иглоа во кои нè собираше барем двајца, а еден од другарите правеше топки снег кои ги нарекуваше „гланцерици“, затоа што со саати ги „гланцаше“ со голи раце, се разбира без ракавици, додека не станат совршено кружни и тврди како камен. Да те удрат со таква топка беше добра вежба за идниот млад астроном да научи како се бројат ѕвезди.

Немаше дете без некој зимски реквизит. Некои имаа санки, други мали пластични скии кои се врзуваа за нозете со коланчиња, а трети стапови за хокеј. Истиот другар со совршените топки за снег имаше и плочка за играње хокеј – пак. Пакот е обложен со гума, но тежок како олово, и освен тоа не се лизга добро на нерамна патека изгазена од детски ноџиња. Затоа користевме тениски топчиња. Истите кои во летните месеци исчезнуваа на падините на моето нерамно Сараево, а јас сонував како ги пронаоѓам, едно, две, безброј.

Тогаш зимите беа сурови и долги, а денес се млаки. Честопати се обвинува глобалното затоплување, но за жал светот мораше да пати додека денешните богати земји поминуваа низ индустриската револуција за да станат она што се денес – удобни и свесни за околината и за штетата која ја нанесуваме на неа.

А што е со нас? Што е со другите земји кои сè уште не станале богати – како да се развијат тие? За жал, ние спаѓаме во енергетскиот пакет со остатокот од светот, иако не придонесуваме ни за илјадитинка од производството на јаглерод диоксид. Но, ако сакаме да бидеме дел од светот, тоа ќе мораме да го направиме и некако, некако да најдеме начин да се развиеме. Дали го има?



Сепак, мораме да најдеме начин, зашто нè чека судбина на човек кој седи со вклучен автомобил во затворена гаража – ќе се угушиме во сопствениот чад! Ете, тоа е состојбата на нештата во која нема враќање назад кон грамофоните и видео-касетите, кон греењето на дрвја и фабрики на јаглен, кон фрлањето отпад насекаде и неселектирањето. Тоа е иднината на светот во која треба да се грижиме за околината, како да се грижиме за себеси, да бидеме свесни и совесни жители на планетата Земја.

Се разбира има начин, не купувајте и не фрлајте непотребно, вклучете се во групите за заштита на околината како „Дај, не фрлај“, помогнете на Пакомак да селектира подобро и попаметно, префрлете се на поеколошки варијанти за превоз (плин, електрични возила) и греење (инвертори, парно).


„Уште пет минути!“

Дали бевме посреќни кога бевме несвесни? Кога си игравме на улицата со топка и не седевме на клупи со телефони во рацете загрижени за глобалното затоплување и за загадувањето, за идниот глобален вирус, за удар на блискиот астероид или за тоа дали Земјата е рамна или кружна. Се разбира дека Земјата е кружна, школото нè учеше, родителите ни велеа да ги миеме рацете за да не се разболиме и тоа беше тоа. Ни повеќе, ни помалку. Не носевме маски против загадување, ниту против вируси. Останатото време го поминувавме на улица и кога нè викаа на јадење одговаравме „Уште пет минути!“

Се разбира, петте минути никогаш не беа пет, но кога родителите не беа шпионски организации кои ги следат сопствените деца со помош на мобилни телефони, можеше и да се извлечеш. Во ерата на глобално следење, своеволно преку инстаграм или фејсбук, или несвесно преку гугл и ГПС, сите сме деца кои немаат ни пет минути за себе.

Но, затоа го имаме YouTube, како остварувањето на пророчките зборови на Енди Ворхол: „Во иднината секој ќе има 15 минути слава.“ И навистина, сите ѕвезди се популарни 15 минути, пред да бидат заменети со други, инстант мини-божества за една употреба, во свет кој заборава полесно отколку што почитува. Ниче зборуваше за „смртта на господ“, но не предвидел дека божествата ќе се раѓаат и умираат толку брзо и толку често што ниту една индиска митологија на стотици натприродни суштества не би можела да ја следи и подреди нивната хиерархија – зашто и ја нема!

Но, еј, тие се тука да нè забавуваат и да не мислиме премногу на загадувањето, вирусите и астероидите, така што внесуваат природна хармонија во нештата и намалување на притисокот од кој инаку би експлодирале!




ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 17.02.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3836

Патувањето како забава, но и како поука!

БЕРТ СТАЈН



„Патувањето е погубно за предрасудите, за ограниченото размислување и само заради тоа е неопходно за многу наши луѓе. Широките, здрави, добротворни гледишта за луѓето и нештата не може да се стекнат со вегетирање во еден мал ќош на земјата цел живот“.

Што можеме да научиме од овој цитат на Марк Твен? Се разбира – треба да патуваме! Но, не само тоа, треба да ја впиеме културата, цивилизацијата, постигнувањата, начинот на живот. Дали го правиме тоа?

Во 1996 година прв пат ја посетив Љубљана и кога застанав на крстосница сите пешаци го чекаа зеленото светло за нив, пред да преминат. Улицата беше пуста и немаше ниту едно возило, но сите-до-еден! упорно и без нетрпеливост чекаа. Замислете, ниту една „црна овца“! Како млад студент ме фасцинираше таа колективна одлука и се чудам како денес, 24 години од тој настан, кај нас пешаците се уште преминуваат на црвено светло. Можеби е заради тоа што и самите се свесни дека шансите да ги прегазат се поголеми на зелено за пешаци, кога не внимаваат дали некој возач-силеџија ќе ја тестира издржливоста на неговите скапо платени гуми на нивниот ‘рбет.

Но, во Љубљана бев на поминување и заминав да студирам во Италија, во малото студентско гратче Чезена, каде што се беше средено, чисто и

функционираше беспрекорно. За да се слушнеш со некој од дома, мораше да платиш скапа сметка за телефон (и-мејлови не користевме уште барем 3-4 години) или да се решиш за поевтина и поспора варијанта – писмо. Тоа подразбира да најдеш време да седнеш пред празен лист со пенкало во рака. Откако ќе изнапишеш се што ти се случило и ќе завршиш со прашањата „како сте?“ и „како е дома?“ го виткаш листот и го ставаш во плико, одиш во пошта и таму дознаваш дека „шоферот не вози“.

Дома во речник (не во апликација на телефон, зашто првите мобилни телефони ќе ги користме 5 години подоцна, туку во еден од тие античките пронајдоци наречени книги) проверуваш што значи „sciopero“ и сфаќаш дека не значи „шофер“, туку „штрајк“ и дека возовите кои ги носат писмата и пакетите од поштата штрајкуваат. „Сепак било до шоферот,“ се насмевнуваш во себеси и дознаваш дека ова е вообичаена појава во Италија, каде работниците се борат за своите права и ги добиваат, за разлика од работниците во твојата земја.

Кога конечно успеваш да го пратиш писмото, и по две недели добиваш одговор, нештата се сменети, можеби и времето се разубавило, па се чувствуваш малку подобро и помалку осамено. Но, муабетите поттикнати од носталгијата по дома како: „ми недостига нередот, ѓубрето по улиците, нервозните луѓе и некултурата!“ сепак остануваат, додека се жалиш за премногу стерилниот град во кој се е средено и функционира. Младост-глупост!

Навистина, дали нашите луѓе кои патуваат во странство се враќаат со позитивни навики и желба да ги пренесат на другите? Дали истите тие луѓе не фрлаат ѓубре по улиците на сопствениот град или се трудат да ги применат праксите на селектирање отпад на кои сведочеле во тие земји? Дали преминуваат на црвено светло на крстосница, независно од тоа дали се пешаци или возачи?...

Што мислите вие?


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 06.02.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3766

Колку беше различен животот пред интернетот?

БЕРТ СТАЈН



Некои од вас го паметат времето пред интернетот, кога читањето книги, наоѓањето добра музика, филм или забава не беше толку лесно и достапно со еден клик. Се чини покомплицирано, но тоа беше време на помалку избор, поедноставен и, по многу нешта, посреќен живот.

Музика

Кога сакаше да слушнеш нова песна мораше да ја снимиш од радио – на касета! И ја преслушуваше до излижување или најчесто до гужвање. Ако ти се изгужва или скине лентата, касетата се разбира не ја фрлаше, туку го сечеше изгужваниот дел и ја лепеше лентата од внатре. Но, тоа беше пред времето на изобилство, пред терминот „реупотреба“, кога работите навистина се употребуваа додека не се искршат, излижат и испукаат сосема. Можеше и да разменуваш касети со другарите или да тркнеш до продавница за касети.

Книги

Постоеше едно магично место каде ги имаа (речиси) сите книги, а тоа се викаше библиотека. Секоја локална библиотека можеше да заврши работа, а тие со поегзотични вкусови мораа да се упатат во Универзитетска библиотека. За понови и странски книги се користеа книжарниците, кои за среќа се уште функционираат. За истражување се користеа библиотеки, енциклопедии, муабет со постари и попаметни луѓе, како и CD-а кои мораа да се инсталираат на компјутерите како Енкарта или Енциклопедија Британика.

Забава пред компјутер

Пред интернетот дигиталната забава се состоеше од Solitare, Freecel или Minesweeper. Генерации транзициски (не)работници поминуваа часови во усовршување на вештините во овие три игри и со брзина на денешните гејмери се префрлуваа од Пасијанс на Word работен документ напишан со „МацЦСњисс“ или „МацЦТимес“ во случај на појавување на некој на вратата од нивната канцеларија сместена во некоја барака со задолжителниот фикус во аголот од просторијата. Кога ќе завршеше посетата тие се враќаа на зелениот екран и картите кои по завршената игра магично рипаа на екранот во знак на радост. Време е за нова партија.

Игри

Тетрис, гејмчиња, Зеикс Спектрум, Комодор 64... во тоа време мораше да бидеш и по малку програмер ако сакаше да играш игра на компјутер. Ставаш касета во касетофон, па Load, па насловот на играта, па enter, па чекаш дали ќе се вчита играта со звуците од пеколот. Графика на која и Minecraft може да и се подсмева денес, неколкуте коцкички кои наликуваа на ЧичаГлиша требаше да претставуваат човек.

Писма

Замисли наместо да пишеш на некој порака или имејл и да добиеш одговор веднаш, да мораш да напишеш писмо на лист хартија, го ставиш во плико, отидеш во пошта, да ти залепат поштенска марка и потоа писмото е на пат. Додека чекаш со денови или недели да добиеш одговор во меѓувреме времето се сменило, си запознал нови луѓе, си паднал на еден испит, а си положил друг или си сменил работно место, а некаде во светот почнала војна, избил пожар, се родиле илјадници бебиња, твојот тим победил во еден меч и твојата омилена песна не е веќе хит... Тогаш добиваш одговор и читаш дека некоја од твоите реченици (очигледно битна за тебе) не била разбрана. Додека се разберете минува цел месец, а во меѓувреме...

Има уште многу работи, но најбитната разлика е дека не постоеја селфија зашто ако не можеш да го постираш селфито тогаш тоа е само една глупа фотографија на која си се сликал самиот себеси, наместо со друштвото или семејството.


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 02.11.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4704

Хаверборд како непријател на детството

БЕРТ СТАЈН



„Сакам хаверборд!“ е нешто што честопати се слуша од денешните деца кога се прашуваат што сакаат за нова година или за роденден. Се разбира, децата сакаат нешта и не размислуваат дека еден хаверборд чини колку една македонска (над)просечна месечна плата. Се разбира во просекот не влегуваат вработените по државни институции, зашто они се екстра платени за играње игри на нивните ајфони од државниот буџет. Зборуваме за работникот, преживувачот, малиот човек кој ги претрпел сите транзиции, ги преживеал изневерените надежи за подобра иднина и испливал од загадената река на македонскиот живот како мутирана риба со нозе и зачекорил гордо (само малку подгрбавено) кон иднината!

Се разбира, хавербордите (а со нив и електричните скутери) не се лоши само за џебот на родителите, туку и за здравјето на децата. Наместо да дремат неподвижно на хаверборд, скејтот на децата им дава можност да ги развиваат мускулите, да се движат, да го зајакнат срцето итн.

Подготвен со таква аргументација родителот гордо извикува: „Што му фали на скиролот?“, а детето откако ќе го опомене (во стилот на генерацијата милениумци која ги воспитува сопствените родители, а не обратно), дека не е „скирол“ туку „скејтборд“, потоа му објаснува дека скејтот е „лејм“!

Навистина, што му фали на малку орање на асфалтот со нозете со цел да се забрзаш во рамничаркото-за-скејт-родено Скопје, а потоа можеш да учиш трикови од YouTube. Порано триковите се учеа од улица, пред Цека каде се собираа скејтерите, од под Камен мост кој со векови стои на тоа место и немо сведочи за сите промени од страната на бреговите на реката која ја премостува. Лично никогаш не научив да правам добар „оли“ (најпознатиот скејт трик) со мојот преголем скирол со пластични кочници во стилот на флуоресцентните 1980-ти.

Порано професионален скејт чинеше едно цело богатство и ги имаа само деца со роднини во САД, денес вакви скејтови се наоѓаат во речиси секоја продавница за спортска опрема по пристапни цени или подобрите во специјализираната продавница dropIN.

Тогаш главната фора беше спуштањето по ридовите, па кој преживее, раскажува. Другите одеа дома во солзи и тогашните родители не ги мачкаа со скапи препарати од приватни аптеки или не трчаа веднаш во амбуланта зашто нивното мило милениумчесе повредило, туку ги полеваа со домашна ракија и ги благословуваа (иако не беа верници, туку верни социјалисти) со зборовите „Ќе помине“. Детето тогаш, како повредено куче, си ги лижеше раните, а потоа гордо ги кинеше закоравените рани кои чешаат за да му останат лузни и да се фали пред друштвото.

Да, тогаш се фалевме со лузни, наместо со мобилни телефони. Најблискиот допир до домашна технологија било „гејмче“ со една игра која никој не можеше да ја победи, зашто движењата потребни да се совладаат последните нивоа ја надминуваа човечката способност за реакција. Но, игрите не беа правени за секој да може да ги помине, туку за да се играат, да се ужива и цени моментот. Зашто, кога имаш едно гејмче, наместо безброј игри на телефон се посветуваш и истражуваш, наместо да скролаш во заборавот.

НАМЕСТО ДА СКРОЛАШ – СКИРОЛАЈ!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 14.02.2020


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3829

„Толку многу поети, а толку малку поезија“

За Буковски, новото информациско време и изобилието на сè и ништо

БЕРТ СТАЈН



Познатите зборови на американскиот писателот Чарл Буковски „Толку многу поети, а толку малку поезија“ ги имав запишано во еден тевтер во раните 1990-ти кога одев во Универзитетска библиотека и изнајмував книги. Повеќето книги таму можат да се изнајмат, но само за во читална, ако не сте знаеле.

Не сум голем љубител на поезијата, но поезијата на Буковски ми лежеше, како и неговите романи. Подоцна ги открив неговите куси раскази и ги почитував многу повеќе од романите, кои ми се видоа интенционално провокативни и стокмени за широка публика.

Денес веќе сум во годините кога Буковски почнал да пишува, четриесеттите, и не го читам повеќе, но реченицата „Толку многу поети, а толку малку поезија“ остана во мене како ехо од минатите времиња. Додека преку мојот лаптоп навлегувам во светот на бесконечните информации кои се множат со брзина на светлината во секоја милисекунда, сфаќам дека „поетите“ сме ние – обичните корисници и повремени создавачи на содржини на интернет, со нашите коментари на реалноста, а поезијата се квалитетните содржини и вистинските безвремени вредности.

Колку квалитетни содржини има навистина денес, во оваа ера на изобилие? Кога друг пат во историјата сè ни било на дофат на раката, сите можни производи, сè што можеме да посакаме, со еден клик. Секоја книга, филм, музика која можете да ја замислите.

На времето одевме по библиотеки, поминувавме часови по книжарници, вртевме плочи во Баги-шоп во Т.Ц. „Мавровка“, или пребарувавме по редици касети во Поп-топ во Т.Ц. „Скопјанка“, барајќи го тој еден бенд кој сме го слушнале на емисија на радио. А емисии имаше малку, Максимум рокенрол на Македонско радио или неколку добри на 103-ка, или бендот ни го препорачал другар кој некако доаѓал до фанзини (магазини за музика од фанови кои сами ги пишуваа, спојуваа, додаваа слики, фотокопираа и хефтаа) од соседните земји. И тогаш дојде интернетот.

Секоја земја, во секој дел од светот веќе ги има предностите на интернетот. Ретки се тие, па дури и посиромашните земји од нашата кои ги немаат благодетите на овој изум. Генерации деца се воспитуваат од стримови на клипови, текстови, слики или memes од YouTube или Snapchat, WhatsApp, Instagram, Tumblr, Tik Tok, Twitter, Reddit... листата е голема, а време има малку.

Во ова време на вишок од информации не само што е тешко да се дојде до вистинските, туку оние површни, небитни, лесно-забавни секогаш го наоѓаат патот до нас и нè затрупуваат со бројки, шпекулации, сензационални нешта, кои како да не дозволуваат вистинската поезија да дојде до нас.

Што би правел Буковски денес? Се „кладам“ дека би бил одличен твитерџија!


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 17.06.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4016

Што чудо беше Електролит?

ИСАК СИМА



„Електролит“ беше првиот македонски онлајн конкурс за литература, а не „супстанца што произведува електрицитет“... иако идејата на конкурсот беше токму тоа – да создаде поларитети, електрицитети и струења на идеите!

Конкурсот постоеше во едно време кога социјалните медиуми не беа толку популарни, пред Фејсбук, Инстаграм или Твитер, во времето на Мајспејс (што ли беше тоа?). Се јави како последица на идејата домашните автори (независно од тоа дали објавувале или не) да се промовираат и да добијат „отскочна даска“ која институциите, критичарите и етаблираните гласови не им ја даваа, зашто, да бидеме искрени едноставно не дозволуваа пробивање на млади таленти. Освен тоа, во виртуелниот простор не постоеше ниту една слична идеја или можност, освен сам да си отвориш блог, па да си пишуваш за себе.

Електролит беше духовно дете на Бранко Прља, а спроведено во реалност од тимот на Темплум.

Во воведниот текст на Електролит пишуваше: „Целта ни е да прераснеме во голема архива на текстови која ќе функционира како некој контра/паралелен/ виртуелен и динамичен литературен простор и да лансираме млади и неафирмирани, но моќни писателски катапулти кон големиот челичен писателски Титаник, замрзнат и заспан некаде на некоја Антарктадемија и да го распарчиме!“

Електролит згасна по две години, зад него остаа објавени две годишни книги со избор од наградените и подобрите раскази, архива на околу 1.000 раскази, но дали тој ја постигна својата мисија?

Како што посочува Дарин Англеловски од Институтот за Македонска Литература во текстот „Интернетот и литературата: Врз примерот на првиот македонски онлајн книжевен конкурс Електролит“:

„... помеѓу застапените автори, денес препознаваме веќе објавувани и наградувани имиња од помладата генерација македонски прозаисти: Ненад Јолдески, Петар Андоновски, Живко Гроздановски, Иван Шопов, Марта Маркоска, Алекс Букарски, Ирена Цветковиќ и др.“

Литературен простор без затворени врати

Од Електролит останаа неколку броја на списанието „Маргина“ каде беа објавени најдобрите и две годишни книги на Електролит. Сите автори беа објавени онлајн (бесплатно достапно), а тие кои беа наградени и подобрите беа објавени во годишна книга.

Што се случува денес и дали Електролит има конкуренција? Се чини дека не. Во меѓувреме се појавија неколку онлајн конкурси кои функционираа во рамките на порталот Окно (екстензија на Точка, Темплум и горе-долу истата екипа собрана околу меценатa на домашната алтернативна сцена, Кољa).

Во контекстот на конкурстите и зошто Електролит беше нешто сосема поинакво, можеме да го спомнеме и изданието „Карантински приказни“, т.е. раскази настанати и инспирирани од карантинот, како пример за еден актуелен конкурс, или т.н. „предизвик“.

Ни падна во очи една реченица од резултатот на предизвикот. „Издание во печатена форма, кое ќе биде гласник на хуманоста и во кое се собрани расказите на докажаните авторски имиња...“ Ова издание ќе биде испечатено и ќе се продава, додека другите (преќутно кажано недокажани автори) ќе бидат достапни бесплатно, ама само ако ја симнете апликацијата на издаваќката куќа!

Ова се чини како одлична стратегија за поттикнување на хуманоста кај луѓето, но и за промоција на издавачката куќа. Освен тоа, делењето на автори според „докажаност“, а не според квалитет на расказите на конкретна тема, се чини малку сомнително.

Електролит ги бираше само најдобрите, ги наградуваше, ги промовираше во печатени изданија, но сите автори беа бесплатно достапни онлајн без услови. Некои од имињата брзо станаа познати во алтернативната уметничка сцена во Македонија. Со текот на времето младите автори ги користеа овие нешта како дел од нивното портфолио (како „отскочна даска“ нели) и дел од нив се докажаа и во светот на фикусите, фотељите, канцелариите на чии ѕидови некогаш имаше слика на Тито, а денес кој знае чија слика и прилика.

Токму во следниот текст сакаме да ви зборуваме за едно од тие неафирмирани имиња кои се застапени во втората засенета збирка на „Карантински приказни“, таа која е (не)достапна онлајн, а според нас заслужува внимание. Освен тоа се работи за автор кој пишува научна фантастика со оригинален пристап и одлично се вклопува во нашиот серијал текстови за уште една занемарена област – научната фантастика во Македонија.

Та-та-та-електротира!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 01.07.2020


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4139

Научната фантастика како имплант кој ја менува свеста!

За расказот „Имплант-ум“
на Тимурленк Чековиќ

ИСАК СИМА



Денес ви преставуваме еден од авторите од збирката „Карантински приказни“. Се работи за Тимурленк Чековиќ а повеќе биографски информации се достапни преку придружните материјали на оригиналната статија. Тој е автор на повеќе дела кои ја истражуваат врската помеѓу исламот и науката, другите религии и секојдневниот живот. Со неговиот расказ „Имплант-ум“ Чековиќ прв пат се појавува пред публиката со прозно дело, иако се занимава со пишување уште одамна.

„Уште во основно училиште Тимур беше страстен читател на научни текстови и белетристика, особено на научна фантастика. Освен тоа, уште тогаш пишуваше раскази за патување кон центарот на Земјата, во вселената, за вонземјани, духови и чудовишта. Со голема фантазија и посветеност исполнуваше цели тетратки и имаше идеи како да направи ласер, авион, компјутер, па дури и вселенски брод!“ ни раскажа неговиот пријател, новинар и автор, Бранко Прља.

Она што е интересно во делото на Тимурленк Чековиќ е воведувањето на „исламска“ тематика во научно-фантастичкиот жанр, што е своевиден првенец во нашата литература. Се разбира дека („докажаните“) автори како Ферид Мухиќ и Луан Старова имаат пишувано на оваа тема, но Чековиќ за прв пат ја воведува во нашата литература во контекст на научната фантастика.

Но, не би сакале оваа негова предност да се сфати како „ограниченост“. Напротив, пристапот на авторот е хуманистички, со истакнување на човечките вредности, вреднување на семејството, рамноправноста и други универзални позитивни вредности. Авторот не пропушта да ги истакне моралните дилеми кои произлегуваат од модерниот начин на живот, особено од односот на традицијата и современите текови, што е значајно прашање во секое општество.

Основната тематика на расказот се чини дека е трансхуманизмот, т.е. едно движење во науката и технологијата кое е веќе реалност, а се занимава не само со поправањето на физиолошките или психолошките недостатоци, туку и со надоградување на „нормалните“ функции. Футуролозите одат дотаму што ветуваат кожа отпорна на куршуми за војниците, а можностите се речиси неограничени, особено кога станува збор за научната фантастика.


Ликовите во расказот на Чековиќ се одлично изградени, како и односите помеѓу нив кои се прикажани живо и тродимензионално, наместо да бидат „картонски ликови“ што често се среќава кога читаме дебитантска проза. Моментот кога родителот е соочен со дилемата дали да го подложи сопственото дете на потенцијално опасен хируршки зафат за да може да му овозможи нормален живот и успех во општеството е опишан многу живо и пластично. Иако се работи за книжевен првенец на авторот, сцената е доловена многу успешно и авторски зрело, како и целиот расказ.

Нашето мислење е дека Чековиќ стапнал на неиспитана територија во македонската литература и ако продолжи да ја негува ќе стане препознатлив автор во нашата литература. Исламскиот начин на живот и традицијата, не само во контекстот на минатото и нашата сегашност, туку и во контекстот на иднината и „возможните светови“, е вредна тема за испитување. Оваа тема многу луѓе во нашето општество ја чувствуваат како „туѓа“ или „непријателска“, а причината за тоа најчесто се предрасудите кон нешто што не им е доволно познато. Чековиќ ни пружа можност да погледнеме подлабоко во тие сфери и да излеземе духовно побогати и со пошироки сфаќања, што треба да е улогата на секој автор, се разбира ако се сфаќа себеси и читателите сериозно.

За тие кои се заинтересирани да се запознаат и со другите дела на Тимурленк Чековиќ, можат да ги побараат следните наслови: Куранот и вселената (2012), Од Исус до Мухамед (2014, издание на англиски, 2019) и Совети за подобро здравје од Пратеникот Мухамед (2019).

Овој текст е трет дел од серијалот за домашната научна фантастика, Претходните два текста се:

Научна фантастика за нашата земја е... научна фантастика! Дистопија или наша реалност? Домашна научна фантастика, втор дел



ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 03.07.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4150

Металските маици не треба да бидат хипстерски!

БЕРТ СТАЈН



Во 1989-та моите училишни тетратки беа исполнети со имиња на метални бендови како Slayer, Kreator, Metallica, Dio, Tygers of Pan Tang, ACDC, Saxon, Judas Priest, Motorhead, Def Leppard... признавам не ги сакав сите овие бендови, но сите имаа навистина кул логоа!

Омилената забава ми беше да им ги прецртувам имињата, заедно со костурите, ѓаволите и сцените од пеколот, кои како да беа произлезени од универзумот на Хиеронимус Бош. Сето тоа не ми даваше добра репутација, а кога згора на тоа ќе додадеш пентаграми, превртени крстови и свастики, бев дете на „вистински“ пат!

Се разбира децата не знаат што значат сите тие симболи, и во основа тие имаат одредена уметничка убавина и геометрија, пентаграмот кога не е превртен е симбол на хармонијата, човекот и духот, петтиот елемент, свастиката е прастар индиски симбол на добрата среќа и добросостојбата, а превртениот крст е анархистички симбол на борбата против воспоставени вредности и норми, симбол на индивидуализмот. Ѓаволот е паднат ангел, а костурот симбол на минливоста, своевидно отелотворение на поговорката Carpe Diem, пеколот нѐ учи на морал во животот итн. Дали детето го знае дуализмот на нештата, како што нѐ учат сите овие антички филозофии? Се разбира дека не, но верувам дека го чувствува длабоко во себеси.

Тогаш налетав на неколку мали пришивачи од Iron Maiden, Metallica и еден голем, за на грб, од Kreator. Последниов, германски треш метал бенд, кој не го слушав многу, но логото и илустрациите им беа одлични – морав да го земам! Освен тоа, демонот од сликата изгледаше застрашувачки (добро), дури и повеќе, иако не сакав да признаам, од легендарната маскота на Iron Maiden – Eddie. Еди е зомби, кој асоцира на едноставен и прост распад на телесното, а „Чудовиштето Креатор“ е вистински демон, натприродна сила која предизвикува пореметување на духовното, тема која отсекогаш повеќе ме интересирала.

Да, во 1980-тите металците носеа „пришивачи“ врз тексас јакните. Еден голем на грбот, неколку на ракавите, предните џебови и под нив, колку сакаш. Не знам од каде потекнува оваа култура, веројатно од моторџиските банди, но мене ми беше кул и се подразбира дека заради овие пришивачи еднаш бев нападнат и ограбен, а два пати ќе ми ги скршеа забите, во една прилика од страна на бесна толпа деца на новопечени транзициски богаташи кои палеа дневници во нивното училиште, а во друга од млади турбофолкери во летен камп за деца. Да не се повторувам, двете сцени се опишани во моите дела „3 минути и 53 секунди“ и „1 час и триесет минути“.

Генерално општата популација на металците гледаше како на валкани, некултурни, слаби ученици и бељации, во нивните очи тие ги поминуваа деновите во дување лепак и обележување на кожата со жилет или цигари, или пак во правење сатанистички обреди. Ништо од ова не беше вистина. Металците навистина беа фанатици, но само по музиката која ја бранеа со сите децибели на дисторзираните рифови и пеењето, независно дали е рикање или врескање.

Сите наши пришивачи и маици со металските бендови како Metallica, Black Sabbath, ACDC, Slayer, Motörhead, Pantera, Iron Maiden или помеките Led Zeppelin, Rolling Stones, Guns N' Roses денес се дел од популарната култура и често ги носат луѓе кои не ги слушаат овие бендови, немале, ниту ќе имаат допир со металската и рок супкултура, не биле исмевани дека „металците не стават дезодоранс, зашто сакаат да смрдат" и никогаш не носеле долга коса за да можат да ја тресат главата на Ride The Lightning, The Killers или Highway to Hell, албуми кои често се наоѓаат на маиците на овие позери.

Се разбира, ако омотите на албумите на металските и рок бендови ги сметаме за уметност, тогаш нема зошто да се противиме за тоа што некој мисли дека овие маици се кул, иако не ги слуша бендовите. Можеш да ја почитуваш „Мона Лиза" на Леонардо да Винчи или „Ѕвездената ноќ" на Ван Гог без да ја знаеш историјата на италијанската ренесанса или на францускиот импресионизам. Но, ако ја носиш маицата само затоа што парчето облека добро ти се вклопува со очилата или чевлите, или сакаш само да изгледаш кул, тогаш тоа веројатно е грешно.

Таквите маици порано тешко ги наоѓавме, ни ги носеа од странство или ги купувавме по концерти и можеби во Југотон, Баги Шоп, или Поп Топ, продавничка за касети после Нова Железничка или Инфлуенс во Лептокарија, но изборот денес е секако поголем и освен на интернет (кај чичкото Алиекспрес за 5 долари) или на одмор во Грција, може да си порачате да ви испечатат на многу места во градот или да тркнете до Југотон .




ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 11.02.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3801

Музика наместо Лексилиум! Панк наместо Турбо фолк!



Idles се британски пост-панк рок бенд кој промовира... љубов! Пред да прашате што се случи со панкот, да се потсетиме малку на теоријата на уметноста.

Во делото „Поетика“ на Аристотел се зборува за катарзата како за „прочистување“ на емоциите преку уметноста, особено преку трагедијата. Како некој кој слуша агресивна музика и поминал низ сите фази на панк, харкор и метал музиката, сосема се согласувам со овој концепт. Мене лично таквата музика ми помогнала да се соочам со негативните емоции во одредени периоди од животот.

Се разбира невозможно е да се набројат сите бендови кои делуваат агресивно, а преку нивната музика промовираат пацифизам, и затоа ќе направиме една „студија на случај“, преку британскиот пост-панк рок бенд Idles. Тие многу често и успешно

се соочуваат со теми на грешни односи помеѓу луѓето, промовираат љубов и разбирање, но не забораваат да бидат општествено или политички ангажирани, преку потенцирање на класната нееднаквост или на шовинизмот, а сето тоа го прават со доза на хумор.

Ваквата музика би требала да биде задолжителна „музичка лектира“ на нашите деца како објаснување дека една музика може да биде агресивна и да промовира добри вредности, за разлика од многу други жанрови кои звучат лесно, а промовираат мизогонија, мизантропија, шовинизам, национализам, злоупотреба на дроги (меѓу другото, и алкохолот е дрога, нели!)

Како пример ќе ја наведеме песната Samaritans на Idles. Таа ги преиспитува очекувањата мажите постојано да бидат силни и да ги кријат емоциите, како и товарот на таквото однесување. Овој притисок се препознава и во рефренот:

“This is why you never see your father cry!”

Балканските мажи можат многу лесно да го разберат тој концепт, но прашање е дали сакаат. Панк музиката во тој конктекст може да биде антипод на турбо-фолкот која е длабоко деструктивна музика (и нечин на живот) кој промовира шовинизам, негативни емоции и (само)агресија.

Преслушајте ги албумите Brutalism (2017) и Joy as an Act of Resistance (2019), во исчекување на новиот албум наречен Ultra Mono кој треба да излезе на 25 септември 2020 година.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 22.09.2020


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4564

Од Монти Пајтон до Дон Кихот

Херојско патување во умот

БРАНКО ПРЉА



Тери Гилијам не е само Монти Пајтон интермецо-уметник, ниту замена за фразата „А сега нешто сосема поинакво!“ Иако, за волја на вистината, Тери Гилијам е сосема поинаков од сите други режисери чии филмови сте ги гледале.

Од филмот Time Bandits, преку Brazil до The Adventures of Baron Munchausen или покомерцијалниот The Fisher King, Тери Гилијам премина од авангарда во мејнстрим. 12 Monkeys е филм чија што тема одговара на денешницата, а Fear and Loathing in Las Vegas е одлично филмувана книга која заслужува читање и гледање, но да не должиме со набројување, туку да преминеме на главното.

Во море од филмски критики и текстови за режисери, овој текст е само капка, а не се обидува ниту да биде ништо повеќе. И нашата опсервација е таква, сакаме да ви кажеме нешто за еден момент, за еден аспект, за една сцена од филмовите Monty Python and the Holy Grail, Brazil и The Fisher King.

Во сите три филмови се среќаваат витези. Во Monty Python and the Holy Grail Кралот Артур и неговиот верен придружник на коњ (кој го нема, а наместо тоа има два кокоси кои ги удира за да прави звук на копита, а од каде кокоси во Англија, ќе дознаете во филмот!). Артур, помеѓу неговите бројни авантури се среќава и со т.н. Витези кои викаат „Ни“, и не му дозволуваат да помине.

Во Brazil се работи за човек заплеткан во авантурите на еден кафкијански свет полн со нелогични нешта, но неговата вистинска борба е во неговата фантазија, каде тој сонува дека е витез кој се бори со чудовиште од кинеската митологија.

Во филмот The Fisher King главниот лик кој го глуми Робин Вилијамс замислува дека е во потрага по светиот грал и халуцинира дека е прогонуван од т.н. Црвен Витез.

Паралелите тука се многу, од луѓе кои замислуваат дека се витези и кралеви, до замислени чудовишта, преку визуелни сличности. Тука станува повеќе од очигледно дека делата на секој уметник се само едно големо ремек-дело, составено од мали делчиња кои се развивале во текот на неговиот живот.

Секој уметник при тоа мора да се соочи со чудовиштето (апсурдно-страшните витези кои викаат „Ни“, црвен витез, кинески воин или змеј) во себе и да го победи што е дел од неговото херојско патување (Hero’s journey), а ако тоа го опише како приказна, тогаш не му бега успех!

Каде е тука Дон Кихот? Во сите нас, се разбира!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 09.07.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4177

Сите сме лудаци!

БЕРТ СТАЈН

По повод серијата „Ratched“ (2020), заснована на ликот на сестрата Речет од филмот „Лет над кукавичкото гнездо“ (1975).



Веројатно не постои човек кој го гледал филмот „Лет над кукавичкото гнездо“ и останал рамнодушен. Ако има таков, неговото место е веројатно во ментална институција, заедно со ликовите од овој филм.

Заснован на истоимената книгата на Кен Кеси, еден од предводниците на Бит движењето во 1960-тите години во САД, како и пропонент на употребата на психоделичните дроги за проширување на границите на индивидуалното спознание, но и како алатка за општествена промена.

Критичарите на филмот честопати расправаат што е подобро: ликовите, приказната, пораките, актерската екипа или режијата, но сите се сложни во едно – станува збор за проклето добро ремек-дело!

Џек Николсон владее на екранот со неговата позната, по малку лудачка и како таква сосема соодветна за филмов, насмевка. Но, и другите ликови импонираат, особено ликот на Били, младиот, суицидален и во себеси несигурен лик и неговата контрол-фрик мајка (отелотворена во ликот на сестрата Речет), која стои како сенка над неговата егзистенција, слично како ликот на таткото на Моцарт во уште едно ремек-дело на режисерот Милош Форман – „Амадеус“.

Тука се и Дени Де Вито како Мартини, ситен и детски искрен, граничен случај на ментална ретардираност, Поглавицата, физички крупен како планина, ментално ситен како глушец, ликот на интелектуалниот сноб Дејл или другите секојдневни фрикови.

Како што вели ликот на Џек Никлосон:

“You’re no crazier than the average asshole walking around on the streets!”

и во таа реченица се чини како да е сумирана целата идеја на книгата/филмот.

Се разбира, работите не се толку едноставни, режисерот се занимава и со некои пропратни идеи и можеби во тоа е единствената слабост (според раните критики на могулот на филмската критика Роџер Егберт) на овој филм. Секако, тука е и идејата дека сите ние сме затвореници на еден несовршен свет кој се обидува да нè зароби со неговите правила кои се направени како за мали деца кои треба да се потчинат на возрасните (системот, менталната институција, општеството) и дека сите сме само кукавици и слабаци кои немаат храброст да се спротивстават.

„Но, ако не се изложиме, никогаш нема ни да бидеме вистински слободни.“

Единствениот кој има сила да го направи тоа, семоќниот Џек, покрај краткотрајната инспирација за групата во целина, не успева да се ослободи од кафезот (гнездото) и заради неговиот слободен дух станува жртва.

Во филмот се гледаат и почетоците на анти-психијатриското движење заради користењето на нехуманите методи како електрошокови и лоботомија како легитимни научни методи за справување со „менталната болест“.

Комедија, драма, трагедија, во филмов има по малку од сè, и крајот е слатко-горчлив, како и во вистинскиот живот, нема победници, сите сме губитници во оваа игра наречена живот. Поглавицата е единствениот кој собира сила да се ослободи од кафезот, додека другите го гледаат неговото заминување во маглата, која наговестува дека светот надвор, во несигурноста, е пострашен од светот внатре – и заради тоа повеќето бираме да бидеме затворени и сигурни, отколку да бидеме изложени на елементите. Но, ако не се изложиме, никогаш нема ни да бидеме вистински слободни.

Тоа нè доведува до ликот на сестрата Речет, која е оркестратор на оваа мала симфонија на лудаци, таа диригира толку вешто со оркестарот на нејзините послушни пиончиња, што внесувањето на новите непредвидливи free-jazz импровизирани ноти во нејзината elevator-muzak предизвикува низа настани кои доведуваат до трагедијата. Со исклучок на вистински ментално болните пациенти, од нејзиното однесување можеме да заклучиме дека таа е единствениот вистински социопат во малата група лудаци.


На таа теза се темели и новата серија заснована на нејзиниот лик. Останува да видиме дали модерната кинематографија може да парира на генијот на Милош Форман и најважното прашање, дали некој ќе може да ја надмине Louise Fletcher во улогата на сестрата Речет.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 19.10.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4635

Скарлетна кралица на SF филмовите!



Scarlett Johansson е актерка која бира сериозни улоги. Иако речиси сите се изградени околу нејзината физичка убавина, сепак пружаат можност за комплексни ликови и филозофски приказни кои гледаат зад физичкото и во сферата на духовното.

SF жанрот е особено плодна почва за одгледување на ваквите идеи. Во каква иднина би сакале да живеете? Или од каква иднина се плашите? Кое би било местото на човештвото (и вашето лично) во една од можните иднини?... итн. Прашањата се бескрајни и сложени.

Интересно е што Scarlett Johansson во последните десетина години се има изградено како своевидна кралица на модерните СФ филмови кои ги испитуваат важните прашања на вештачката интелигенција, трансхуманизмот, односот помеѓу луѓето и технологијата.

Се разбира дека во овој контекст не зборуваме за бројните

филмови од Марвел универзумот, од кои во новиот Black Widow таа ќе има главна улога, туку за некои малку поинакви, па да видиме за кои филмови станува збор.

1) Ghost in the Shell (2017)

Филм кој што можеби би поминал подобро во 1990-тите, но сепак е доволно модерен од денешна перспектива. Ghost in the Shell е филмска адаптација на познатата јапонска манга серија од 1989 година и подоцнежниот анимиран филм од 1995 година кој влијаел на културната Матрикс франшиза. Главната тема е трансхуманизмот и вештачката интелигенција, како и можностите на иднината во која се замаглува границата помеѓу вештачките и органските тела. Новиот филм се чини дека позајмува многу елементи од киберпанкерскиот прирачник на Вилијам Гибсон, а визуелно наликува на Блејд Ранер, иако е помалку фасцинантен, сепак ги задоволува критериумите за еден футуристички азиски (јапонски) град од средината на веков. Иако името на филмот имплицира на Декартовиот и западњачки дуализам на тело и душа („ghost“ е душата, а „shell“ е телото) кои се спротивни едно на друго, сепак останува отворена можноста за источната мисла во која духот и телото се поврзани на многу посуштински начини.

2) Lucy (2014)

Филм кој зборува за човечката еволуција и за неминовниот чекор: спојување со вештачката интелигенција. Таа еволуција нема да ни овозможи да лебдиме во воздух или да ги контролираме движењата на другите луѓе како што сугерира филмот, но секако ќе ни помогне да ги надминеме сопствените ограничувања. Илон Маск веќе работи на проблематиката (види: Neuralink). Johansson е повторно во улога на опасна типка која ја крши „кичмата“ на сите кои ќе ѝ се спротивстават, пред да се интегрира во светската онлајн мрежа и да стане чиста свест во духот на индиската Нирвана (не бендот!). По Nikita и The Fifth Element, со овој филм стана повеќе од јасно дека Luc Besson има афинитет кон силни женски ликови.

03 / 04

3) Her (2013)


Иако во овој инди филм нема акција како во другите филмови од листата и Johansson се појавува само како глас на оперативен систем од иднината, сепак нејзиното присуство е моќно доловено и завршува на сличен начин како и Луси, со пансветска интеграција на вештачките интелигенции во една надинтелигенција која ги надминува човечките можности за разбирање. Филм кој ќе ве поттикне на размислување.

4) Under the Skin (2013)

Нетипична вонземјанка и фантазмагорични пејзажи, сцени кои ќе ве вознемират, но и запрашаат за сопствената егзистенција во својата кожа и што навистина се крие под неа. Сериозен филм кој може да се очекува од еден режисер на легендарните спотови како Karmacoma (Massive Attack), Virtual Insanity (Jamiroquai) или Karma Police (Radiohead) кој визуелно и наликува на стилот на филмов. Се чини дека на Johansson повеќе ѝ одговараат ваков тип на филмови (потсетете се на Lost in Translation или Girl with a Pearl Earring), отколку акцијашки напади на сетилата.

5) The Island (2005)

Johansson се наоѓа во незавидна улога на клон затворен на еден остров и одгледан со една цел – да биде донор на органи за нејзиниот оригинал, богата манекенка од идното општество, во случај на потреба. Иако премисата е малку веројатна, што и самите сценаристи би го разбрале да почекале уште некоја година да се развијат 3Д принтерите, сепак филмот е исполнет со акција и возбуда, како што може да се очекува од Michael Bay. Иако последниот филм од нашата листа не е мисловна посластица и е далеку од нив според квалитет, сепак е одличен за забавна вечер со пуканки, зошто да не!



ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 12.05.2020


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3935

Нашето Скопје

Преку црно-белите очила
на Ѓорѓе Јовановиќ – Цоле!

БЕРТ СТАЈН



Ѓорѓе Јовановиќ – Цоле, во неговиот нов стрип-весник „Скопје за почетници, добро упатени и понављачи“ ни го претставува Скопје, она што го знаеме и сакаме, топло, архаично, маалско, заборавено...
Имињата на зградите и улиците се попатни затоа што главната улога ја играат безимените топоними како црни пазари, трафики, берберници и фризерници, гаражи, па дури ќе препознаете и некои огради!
Присутни се и пораките по влезовите со кои жителите на зградите си пренесуваат пораки и критики со цел промена на однесување на другиот, толку карактеристични за овие простори.
Со посебен осврт кон легендарните урбани ликови како Рефет Сулејмани – Алфонсо, Соња Иванова, Живко Поповски, Горан Стефановски... кои го прават Скопје такво какво што било и се обидува да биде – место каде „Старо купуем“ е дел од секојдневниот живот, и приказните на граѓаните, исто како и утринската чорба!

Приказна за едно локално Скопје кое се противи на промените, на рушењето на старите куќи и градењето висококатници, на проширувањето на булеварите и сечењето дрвја, на трговските центри и консумеристичките храмови во кои се достапни сите материјални божества на едно место, наместо малите дуќанчиња во кои не само што се купува, туку и се муабети со газдата за животот, времето, политиката и секојдневните проблеми.

Со остар графички стил на Џоле кој одлично одговара за карактерот на заборавениот град кој сака да го прикаже и неговите текстуални вињети дополнети од Иван Шопов, Жарко Букинац и Оливера Ќорвезировска, авторот се претставува како внимателен и проникliв набљудувач на градот.

Воедно и со суптилна и хумористично-игрива доза критика кон новиот, глобалистички и безличен град, непрепознатлив на „добро упатените“, а можеби восхитувачки за „почетниците“, авторот сепак не навлегува премногу во стапицата на споредба, туку го задржува фокусот кон оној град на колективната меморија на граѓаните на Скопје.

Издание кое треба да го има во домот на секој Скопјанец, независно од тоа дали е „почетник, добро упатен или понављач“!

Стрип-весникот може да се разгледа преку придружните материјали на оригиналната веб-објава.


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 16.01.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3666

Куса историја на тетоважите во нашата средина

БЕРТ СТАЈН



Во 1990-тите години Скопје беше алтернативен град. Се разбира, рејв и гранџ културата беа „ин“ во целиот свет. Дрaмендбејс ритмите се слушаа од обичните кафулиња, а рокенролот беше на светските топ листи. Карираните кошули и даркерските шминки ги заменија „а-ла“ 80-ти Мадона фризурите и дречливите бои. Каде се вклопуваат тука тетоважите?

Во тоа време тетоважите беа присутни во два случаи. Кај луѓе кои биле во екстремно затворени средини и делеле искушенија со други луѓе во иста ситуација – затвор или војска. Тоа се т.н. затворенички или војнички тетоважи, правени со игла, конец и туш, без уметничко чувство. Доминатни мотиви беа име на девојка, датум и место на одење во војска, можеби лош цртеж на девојка-сирена или сидро, тенк (за војници), нож (за затвореници) и слично.

Другата супкатегорија млади луѓе кои се тетовираа беа припадниците на супкултурите, повторно затворени во мали изолирани групи, но поврзани преку музиката која ја слушаа. Панкерите тетовираа спајалици и знак за анархија, раперите заканувачките пораки на тупаниците, металците черепи, додека алтернативците поретко се решаваа за ваква радикална мерка да ја искажат својата припадност на музичката авангарда. Нивните тетоважи беа изработени со поголем уметнички осет, најчесто од некој ученик во средно уметничко училиште, а веќе кон крајот на деценијата почнаа да се купуваат машинки за тетовирање и на сцена настапи скејтерот Мало и други млади кои имале среќа да живеат во странство и да научат нешто за тоа како функционира светот.

Другите („нормални“?) луѓе гледаа на тетоважите како на нешто валкано, неприкладно, речиси некултурно, во секој случај немаа доверба во тие кои се тетовираа, ги нарекуваа наркомани, џанкери, сидаши... ваквите прекари најчесто ги спомнуваа припадници на една друга супкултура – турбофолкерите.

1990 / 2010

ОД ЗАТВОРЕНИ ГРУПИ ДО МАСОВНА КУЛТУРА

Ја премотуваме лентата кон средина на 2010-тите кога стана популарно хипстерското движење кај нас. Кусо потшишана коса од страните, горе долга и по можност фатена во „пунџа“, со „гоцеделчевска“ брада кај машките, а „бадихолиевски“ очила со дебела рамка кај женските, стана вообичаена глетка. Дел од оваа култура се секако и тетоважите.

И тогаш се случи поместување на парадигмите во нашата средина. Почнаа да се појавуваат тетоважи и кај „обичниот народ“. Прво кај младите алтернативци кои целосно се вклопија во хипстерската супкултура, но подоцна и кај некои невообичаени sверки.

Како што ботокс усните и силиконските гради навлегоа во турбофолк супкултурата преку влијанието од Србија и особено Бугарија, каде таа машинерија произведува кукли на фабричка лента, така своето место си го најдоа и тетоважите. Времето на игла околу која е намотан конец или електромотор поврзан со цевка од тенкоминец завршија и вистинските уметници на повеќеигличестите апарати за тетовирање го заземаа нивното место. Во ова време веќе може да се видат вистински уметнички дела на религиозни мотиви или национални симболи врз рацете на набилданите навивачи, тепачи и избацивачи, биртијаши, но и обичните „кај си бе брат“ граѓани.

Оваа последна категорија најчесто се решава за тетовирање на сопственото име на долниот дел од подлактицата во стереотипен ракописен фонт, некогаш со големина 16-ка, но најчесто со 72-ка, долж целата подлактица, во случај да си го заборават името.
Ете, тоа е состојбата со кусата историја на тетоважите во оваа мала земја која заостанува по наука, уметност, технологија, екологија и култура, но секако е барабар со модните трендови во светот. И тоа е нешто!

16 / 72

**ГОЛЕМИНА НА ФОНТОТ.
ГОЛЕМИНА НА ИДЕНТИТЕТОТ?**

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 10.02.2020


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3787

За Џорџ Карлин и скептицизмот

Или за новинарството и (не)проверувањето извори

ИСАК СИМА



Во нашите медиуми скоро се сретнав со еден текст.

Текстот е одличен и поучен, вистинска мудрост кондензирана во неколку редици. Преводот е коректен, но забелешката на крајот од текстот гласи: „Овој текст го напиша американскиот стенд-ап комичар Џорџ Карлин по смртта на неговата сопруга.“

Џорџ Карлин не бил само еден од најголемите стенд-ап комичари, според многумина и најдобриот, туку и актер и автор на неколку одлични книги, како и голем филозоф на животот.

Неговиот тип на хумор е исполнет со критика на општеството, и со длабоко навлегување во проблематиките на модерното доба. Неговата превкусна хумористична бонбона со прелив од малини е најчесто полнета со експлозивно полнење на барут и шрапнели (во духот на познатиот скеч од Монти Пајтон).

Верувам дека заради тоа цитатот е неправилно идентификуван како цитат на Карлин. Забуната не е на нашиот портал, ниту на преведувачот, туку на „интернетот“, кој му ги припишал овие мудри зборови полни со критика на општеството. Недостатокот на хумор во текстот е паметно оправдан со тоа што Карлин текстот наводно го напишал по смртта на неговата сопруга (која навистина се случила).

Тој сомнеж веднаш станува оправдан поради делот од цитатот кој гласи: „Ретко се молиме“. Џорџ Карлин бил католик, но во секоја прилика остро ја критикувал организираната религија.

Да не должиме и да ви ја откриеме вистината. Цитатот е преземен од делото „Words Aptly Spoken“ (1995) на американскиот свештеник Боб Мурхед (Bob Moorehead).

Се разбира, досега кажаното не ја намалува вредноста на цитатот. Тоа што многу од наведените нешта како да се пишувани за нашава средина зборува за мудроста на авторот и способноста да допре до универзалните вистини.

Нашиот анти-портал се разбира не е „цар за апсолутно точни податоци“, но сметаме дека клучната работа во пренесувањето текстови, ако веќе сте се потрудиле да ги напишете или преведете, е да проверите повеќе извори или барем да се трудите да имате веродостојни извори, како на пример реномирани сајтови.

Од друга страна можете да се послужите со корисниот сајт snopes.com и нивниот Fact Check.

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 07.02.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3775

Заборави го Black Friday,

сети се на „Дај, не фрлај!“



АРНО.МК / 27.11.2020

Пред 4 години, на Black Friday, ја отворивме Фејсбук групата која ја нарековме „Дај, не фрлај!“ Идејата ни беше да се спротивставиме на праксата за купување заради купување, општа негрижа за околината и безумен консумеризам. Денес, со оглед на пандемијата, ни се чини дека е уште побитно да се спротивставиме на идејата за трчање по продавници и непотребно купување.

Денес групата има речиси 50.000 членови и бројот на работите кои се подарени веќе одамна ги надмина способностите на администе и модераторите да водат некоја евиденција. Но, битното е дека многу предмети се сочувани од фрлање, дека многу луѓе го нашле тоа што им треба или не купиле ново, кога некој друг веќе има употребливо и сака да го подари.

Групата беше замислена како една мини-анархија, анти-капитализам, кибер-социјализам, еден експеримент на виртуелно општествено уредување. Сепак, одредени правила мораа да бидат воспоставени, пр. нема продавање или купување, нема рекламирање на приватни бизниси, никој не смее да профитира од групата и се‘ мора да биде засновано на желбата да се помогне, да се сподели, да се разбере другиот, а народот ги презема контролите на овој утопистички проект.

Не знам колку од членовите се сеќаваат на првиот пост со кој е отворена групата, па за да се присетиме на основните начела на групата „Дај, не фрлај“, кои важат и денес, го објавуваме текстот во оригинал:

„Имаш работи кои ти стојат по дома, во подрум или во гаража, а не ти требаат. Количка за бебе, велосипед, кондури, облека, играчки... Наместо да ги фрлиш или однесеш работите кои не ти требаат таму каде што нема да знаеш до каде ќе стигнат, објави ги во оваа група и тој на кој што му требаат ќе може да си ги пронајде сам.

Да изградиме општество во кое подарувањето е примарно, а купувањето секундарно. Да ја кренеме довербата помеѓу луѓето и чувството дека некој што не го познаваме, а живее во иста држава со нас навистина се грижи за нас. Да ја урнеме потрошувачката парадигма која што владее со сите нас.

Сите сме пораснале носејќи облека на браќа и сестри, братучеди и синови и ќерки на најдобрите пријатели на нашите родители. Ако се уште го практикуваш ова, а немаш на кого близок да му ги подариш тие работи, објави ги во оваа група и подари ги на некој кој што му требаат, а не го познаваш. Ќе се чувствуваш подобро, и тој ќе се чувствува подобро, сите добиваме:)

Не подарувај нешто што не би го дал ни на сопственото дете. Да не е скинато или неупотребливо. Се што е сочувано и речиси ново. Зачисти ги малку, обнови ги работите, направи фотка и постави ги во оваа група.

Мислевме дека е „баш згодно“ да ја објавиме оваа група денес, на најголемиот светски потрошувачки празник, Black Friday:)“

Групата не е хуманитарна, но има хумана димензија. Од првичната идеја на антиконсумеризам се разви и еколошкиот аспект на групата, да не се фрла непотребно, работите да не завршуваат на отпад ако не мора и да се реупотребуваат. Ни се чини дека тоа е највредниот аспект на групата.

И не заборавај: „Дај, не фрлај!“


ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 27.11.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4903

Во маката се крие можноста

АЛБЕРТ АЈНШТАЈН?



БЕРТ СТАЈН

„Во маката се крие можноста,“ (Од англ. „In the middle of difficulty lies opportunity“) е поговорка која се припишува, како и многу други поговорки, грешно, на Алберт Ајнштајн. Се разбира, немам ништо против неговото дело и лик, во мојата соба од тинејџерските денови покрај плакат од „Герника“ на Пикасо имав голем плакат на Алберт Ајнштајн со исплазен јазик. Тоа што Ајнштајн го стори за науката заедно со неговиот статус на универзален епоним за генијалец е од непроценливо значење.

Но, со сета почит, поговорката не е од Ајнштајн. По површно истражување, интернетот (тој колективен ум од знаење и заблуди) сугерира еден можен извор – омилениот автор на американските тепачко-сакачки фитнес фрикови со тенденција кон "broscience" – Сан Цу и неговиот бестселер „Уметноста на војувањето," во Седмото поглавје: Воен судир, каде што (преведено на англиски) вели:

[07.03] In armed struggle, the difficulty is turning the circuitous into the direct, and turning adversity into advantage.

Тука може да се насети поговорката, но дали се работи за повторна интернет заблуда станува јасно по малку подлабоко „копање". Така доаѓаме до интервјуто на американскиот теоретски физичар John Archibald Wheeler во Cosmic Search, Vol. 1, No. 4 (Fall 1979) каде изјавил за Ајнштајн:

"Einstein's Three Rules of Work: 1) Out of clutter find simplicity; 2) From discord find harmony; 3) In the middle of difficulty lies opportunity."

Се чини дека тоа е директниот извор на поговорката која се припишува на самиот Ајнштајн, но што значи тоа?

Како прво, не верувајте во сè што ќе прочитате – истражете, проверете, два-три пати. Ова е особено важна лекција во денешните времиња кога точна информација може да значи живот, а грешна... си знаете.

Како второ, информациите кои ги добиваме за светот (кои не можеме директно да ги провериме), можеме да ги искористиме за проучување на подлабокото значење на нештата. Пример, што значи изолација и како таа може да се искористи за подобрување на човештвото и на себеси.

Со поговорката на Ајнштајн, пардон Сан Цу, пардон Џон Арчибалд Вилер, на ум, ќе се обидеме да раскажеме една кратка историја за еден друг голем научник.

Врската помеѓу Исак Њутн и Алберт Ајнштајн е суштинска. Двајцата ја смениле не само физиката на своето време, туку сфаќањето на вселената и нашето место во неа.

1666

ЊУТН / ЧУДЕСНАТА ГОДИНА

Светогледот на Њутн, во согласност со времето во кое што живеел бил механистички, вселената не била ништо повеќе од голем механички часовник, кој се раковиди на принципите на причина и последица. Но, Њутн прв почнал да размислува со поими на сила и гравитација и да сфаќа дека истите закони раководат со она што е во вселената (Месечината), како и со она што е на Земјата (јаболкото). Но, како и кога дошол до овие идеи?

За време на чумата, една од најсмртоносните болести во историјата на човештвото, која го достигнала врвот во Англија околу 1665 година, Исак Њутн го напуштил Универзитетот во Кембриџ и се вратил на семејната фарма Woolsthorpe Manor во Lincolnshire.

Што правел Њутн таму? Да речеме дека во 1666 година (неговата annus mirabilis или чудесна година, каква што имал и Ајнштајн, но подоцна за тоа), кога имал само 23 години, го направил „само“ ова:

1) Го измислил калкулусот (оние здодевни табели од средно училиште) кој имал револуционерна улога во математиката, физиката, астрономијата, астронаутиката, метеорологијата, електрониката, инжинерството итн.

2) Ги поставил основите на оптиката (присетете се на албумот на Pink Floyd со призмата и белата светлина која се распрснува во виножито) и докажал дека светлината не е бела, ги поставил основите на теоријата на светлината и на боите.

3) Ги поставил законите на движењето кои подоцна ќе ги објави, а тогаш биле во рудиментирана форма како на пр.: „Една кола без возач се движи дур не се удри или триењето не ја сопре“, „Колку си подебел толку поголема инерција имаш“ и „Ако удриш некој, ќе ти врати со обратна и еднаква сила“.

4) Ги поставил основите на теоријата на гравитацијата (јаболкото, Месечината и другите овошја), откако според апокрифната приказна седел во семејната градина во Woolsthorpe и видел јаболко како паѓа од дрвото.

1905

АЈНШТАЈН / ПРОСТОР ЗА НОВИ ИДЕИ

Ајнштајновата Annus Miriabilis била 1905 година, кога Ајнштајн имал 26 години, и објавил значајни дела за фотоелектричниот ефект (за кој подоцна добил Нобелова награда), Брауновото движење (ви текнува на поленот од книгите по биологија?), специјалната теорија на релативитетот (навистина била специјална!) и познатата равенка E = mc2. Можеби неговата година не била како таа на Њутн, под заканата на смртоносна болест, но тој секако умирал од здодевност како службеник во кафкијанското Биро за патенти во Берн, Швајцарија.

Теориите на Ајнштајн го смениле светогледот на Њутновски универзум во кој класичната механика е носечка филозофија во релативистички светоглед каде гравитацијата не е сила, туку физичко поле, и (како што би кажале ние лаиците) сè е релативно – просторот, па и времето! Сепак, Њутновата физика сè уште се користи кога се планираат вселенските летови, бидејќи Ајнштајновата има влијание само во близина на големи вселенски објекти кои значајно го „искривуваат“ просторот и времето.

Њутн и Ајнштајн се поврзани, како што се тешкотиите и можностите. Затоа, тргнете се од екраните, отворете некоја книга, запишете некоја мисла, започнете дневник, дадете си задача да научите некоја нова вештина или нешто што отсекогаш сте сакале да го направите, а не сте имале време. Јас се занимавам со непрочитаните книги од големата едиција „Магма“ на Темплум, а вие?

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 09.06.2020


Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=3909

The Mandalorian

Вистински бисер во Star Wars сагата

ИСАК СИМА



Во светот на гиковите постојат две паралелни реалности. Или си љубител на Star Trek или на Star Wars. Двата света не треба да се мешаат како оцет и масло или како материја и анти-материја зашто последиците може да бидат катастрофални за целата вселена.

Лично, како дете на 1980-тите и млад човек растен во 1990-тите бев љубител на Star Trek TNG (следната генерација), Пикард, Рајкер и целата таа семејна атмосфера на вселенски авантури со доза технофилија и футурологија.

Се разбира ги имам гледано и филмовите од Star Wars сагата, но никогаш не сум можел да се идентификувам со идеите за мистичната „сила“ (The Force). Ако веќе морав да бирам од СФ палетата на идеи повеќе би ја земал мистиката на филмот Dune од 1984 и неговиот зачин во духот на Soma од „Прекрасниот нов свет“ на Алдоз Хаксли. Од друга страна, Јода отсекогаш ми бил чуден тип, зелена кукла со „Големи ушите, зошто ти се толку, дедо?“

Но, скоро излезе The Mandalorian и ми го смени мислењето за целата сага. Ни самиот не знам што ја прави оваа серија посебна, дали е одличната музика која на непредвидливи начини допира до мојот музички вкус и ме тера по цел ден да си ја потпевнувам главната нумера. Можеби е дистописките вестерн квалитет на серијата во која главниот лик, одметник и платеник, модерен витез со код на честа, самурај од иднината, решава да се откаже од сè во што верувал заради едно мало зелено суштество со преголеми уши. Или е токму заради тоа, пресимпатичниот мал Јода (кој има 50 години и е сè уште бебе) кој сакаш само да го гушнеш и да го заштитиш за да не му се случи ништо лошо.

Карактерите во серијата се одлично изградени и гледачот лесно се поврзува со нив, дури и епизодните анти-херои како комичарот Бил Бур кој е дел од банда која сака да му се одмазди на нашиот херој или еден од поглавните ликови, Џина Карано, некогашната кралица на женските боречки вештини во вистинскиот живот, а во серијата војник подготвен на борба за нејзините идеали.

Серијата ме натера да ги преиспитам моите гледишта за Star Wars и да ја изгледам целата сага повторно, дури и новите филмови. Но, внимавајте, ако се решите да ја изгледате и вие, постојат разни начини, освен очигледниот – хронолошки. Истражете самите, но според мене, најдобриот редослед на гледање е овој: (внимание – содржи спојлери!)

STAR TREK
↓
STAR WARS

Пат низ галаксијата

РЕДОСЛЕДОТ НА АВТОРОТ / СОДРЖИ СПОЈЛЕРИ

1) Episode IV: A New Hope (1977) – за да се запознаете со првата оригинална приказна

2) Rogue One: A Star Wars Story (2016) – иако е хронолошки пред Episode IV, океј е да се гледа после за да се дознае историјата на Death Star.

3) Episode V: The Empire Strikes Back (1980) – продолжуваме со сагата!

4) Episode I: The Phantom Menace (1999) – повеќето од фановите би го рипнале овој филм, но битен е бидејќи хронолошки е прв во сагата.

5) Episode II: Attack of the Clones (2002) – отсекогаш сте сакале да знаете кој е Дарт Вејдер, а сте се плашеле да прашате?

6) Episode III: Revenge of the Sith (2005) – темната страна победува?

7) Solo: A Star Wars Story (2018) – хронолошки е пред Rogue One, но во ред е да се гледа тука. Ја прикажува историјата на шармерот Хан Соло.

8) Episode VI: Return of the Jedi (1983) – сега откако ја знаеме историјата на сите побитни ликови можеме да продолжиме со гледањето на оригиналниот трет филм од сагата

9) The Mandalorian (2019) – читај погоре!

10) Episode VII: The Force Awakens (2015) – нови авантури на новите генерации.

11) Star Wars: Episode VIII – The Last Jedi (2017) – Luke Skywalker не е веќе момче, но повторно е единствената надеж!

12) Star Wars: Episode IX – The Rise of Skywalker (2019) – последниот филм од сагата?... без спојлери молам!

И нека силата биде со вас!

ПРВПАТ ОБЈАВЕНО НА АРНО.МК / 08.06.2020

Оригиналниот текст и придружните материјали

arno.mk/?p=4038

АРНО.МК / 2020

Културата како лична приказна.

Во осумнаесетте избрани текста од Арно.мк, објавени во 2020 година, музиката, филмот и книгите се преплетуваат со личните сеќавања и прашањата за светот во кој живееме. Од металските маици и постпанкот до Монти Пајтон, од стриповите и маалските фасади до пишувањето и скептицизмот – културата е повод за разговор за слободата, припадноста и промените.

Низ овие страници се среќаваат Берт Стајн, Исак Сима и Бранко Прља: три потписи зад истата љубопитност. Се менуваат темите, тонот и аголот на гледање, а останува потребата да се поврзе она што го гледаме, читаме и слушаме со она што го живееме.

ВТОРА КНИГА ОД ГОДИШНИТЕ ИЗБОРИ НА АРНО.МК

АРНО.МК

Текстови, идеи и придружни материјали
arno.mk